**Годишен финансиски извештај за 2022**

Во 2022 година, Буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кој се води како програма 20, е проектиран со вкупна вредност од 15.320.000,00 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, на стратешките приоритети и активности предвидени за 2022 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, во текот на годината, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа: пренамена на ставките 483 - купување на мебел, 425 - договорни услуги, 464 - разни трансфери и 404 - надоместоци.

Со ребалансот на буџетот, изгласан од страна на Собранието, на програмата 20 – Комисија за спречување и заштита од дискриминација, додадени се 4.000.000,00 денари, и тоа на ставките: плати и надоместоци - 2.000.000 денари, стоки и услуги - 1.560.000 и на ставката за капитални расходи - 440.000 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, во текот на 2022 година:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни плати** | 401 | 9.528.000,00 | 8.918.032 | 8.918.032,00 | 93,60% |
| **Придонеси за социјално осигурување** | 402 | 3.542.000,00 | 3.464.106,00 | 3.464.106,00 | 97,80% |
| **Надоместоци** | 404 | 120.000,00 | 99.000,00 | 99.000,00 | 82,50% |
| **Патни и дневни расходи** | 420 | 750.000,00 | 750.000,00 | 570.828,00 | 76,11% |
| **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 421 | 1.100.667,00 | 1.100.667,00 | 907.483,00 | 82,45% |
| **Материјали и ситен инвентар** | 423 | 280.000,00 | 280.000,00 | 226.834,00 | 81,01% |
| **Поправки и тековно одржување** | 424 | 401.414,00 | 401.414,00 | 44.012,00 | 10,96% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Договорни услуги** | 425 | 640.000,00 | 640.000,00 | 588.977,00 | 92,03% |
| **Други тековни расходи** | 426 | 550.000,00 | 550.000,00 | 301.038,00 | 54,73% |
| **Разни трансфери** | 464 | 50.000,00 | 50.000,00 | 35.101,00 | 70,20% |
| **Исплати по извршни исправи** | 465 | 98.586,00 | 98.586,00 | 0,00 | 0,00% |
| **Купување на опрема и машини** | 480 | 1.004.881,00 | 1.004.881,00 | 779.881,00 | 77,61% |
| **Купување на мебел** | 483 | 72.452,00 | 72.452,00 | 72.452,00 | 100,00% |
| **Вложувања и нефинансиски средства** | 485 | 100.000,00 | 100.000,00 | 32.450,00 | 32,45% |
| ВКУПНО | | **18.238.000,00** | **17.529.138,00** | **16.040.194,00** | **87,95 %** |